# ВНАТРЕШНО УПАТСТВО: ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПАЦИЕНТИ

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството, бидејќи содржи важни информации за вас.**

Овој лек се издава без лекарски рецепт. И покрај тоа, треба да го употребувате внимателно за да ви биде што повеќе од корист.

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Советувајте се со вашиот фармацевт ако ви се потребни дополнителни информации.*
- *Ако симптомите на вашата болест се влошат или ако не се подобрат по 5 до 7 дена, тогаш мора да појдете на лекар.*
- *Доколку некое од несаканите дејства стане сериозно или ако забележите некое несакано дејство кое не е наведено во ова упатство, советувајте се со вашиот лекар или фармацевт.*

<u>Во ова упатство:</u>


1. Што претставува Хербион сирупот од јаглика и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да го земете Хербион сирупот од јаглика
3. Како да го земате Хербион сирупот од јаглика
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на Хербион сирупот од јаглика


**Хербион сируп од јаглика**
**Екстракт од јаглика и мајчина душица**
**За искашлување**

- *Активни супстанции*: течен воден екстракт од корен од јаглика и течен воден екстракт од херба од мајчина душица. 5 ml од сирупот (1 одмерна лажичка) содржи 3,08 g воден екстракт од мешавината од корен од јаглика (*Primulae veris* L. и/или *Primula elatior* (L.) Hill, *radix*) и херба од мајчина душица (*Thymus vulgaris* L. и/или *Thymus zygis* L., *herba*) што е еквивалентно на 0,22 до 0,51 g корен од јаглика и 0,62 g херба од мајчина душица. Растворувач за екстракција: вода.
- *Помошни супстанции*: левоментол, сахароза и метил парахидоксибензоат (E218).

Сирупот има кафена боја и карактеристичен мирис и вкус.
Достапен е во пакувања кои содржат 150 ml сируп во шише и дозирна лажичка.

**Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет:**
КРКА-ФАРМА ДООЕЛ Скопје, Христо Татарчев – 1, бр.101, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

**Име и адреса на производителот:**
KRKA, d.d., Novo mesto, Šmarješka cesta 6, 8501 Novo mesto, Словенија

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ХЕРБИОН СИРУПОТ ОД ЈАГЛИКА И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Хербион сирупот од јаглика за искашлување содржи воден екстракт од мешавината од корен од јаглика и херба од мајчина душица.
Хербион сирупот од јаглика е традиционален хербален лек кој се препорачува за олеснување на искашлувањето при настинки придружени со кашлица.

Хербион сирупот од јаглика е традиционален хербален лек чија употреба за горенаведената состојба се базира единствено на долгогодишно искуство.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО ЗЕМЕТЕ ХЕРБИОН СИРУПОТ ОД ЈАГЛИКА

**Немојте да го земате Хербион сирупот од јаглика:**

- ако сте алергични (преосетливи) на екстрактот од корен од јаглика, екстрактот од херба од мајчина душица, на други билки од родот *Primula* или други билки од фамилијата *Lamiaceae* (нане) или пак на некоја од помошните супстанции на лекот;
- ако имате астма;
- ако вашето дете имало тешко воспаление на грлото и гласните жици во минатото.

**Бидете особено внимателни со Хербион сирупот од јаглика:**

- ако имате потешкотии со дишењето, имате покачена телесна температура или гноен секрет (плунка која содржи гној), веднаш мора да се советувате со лекар;
- ако имате шеќерна болест, треба да знаете дека овој сируп содржи сахароза и затоа не се препорачува да го употребувате;
- ако имате воспаление на слузницата на желудникот или чир на желудникот

<u>Деца</u>
Не се препорачува употреба на сирупот кај деца до 4 годишна возраст без претходно да се советувате со лекар.

*Ве молиме да се посоветувате со лекар и тогаш кога горенаведените укажувања се однесувале на вас, било кога во минатото.*

**Земање на други лекови со Хербион сирупот од јаглика**
*Ве молиме да го информирате вашиот лекар или фармацевт ако земате или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.*
До сега, не е забележано взаемно дејство помеѓу Хербион сирупот од јаглика и други лекови.

**Земање на Хербион сирупот од јаглика со храна и пијалок**
Не е познато дека храната влијае врз дејството на Хербион сирупот од јаглика.
Се препорачува пиење на големи количини на чај и други топли пијалоци за време на земањето на сирупот.

Немојте да јадете или да пиете течности веднаш по земањето на лекот, затоа што храната и течностите можат да го забрзаат процесот на отстранување на лекот од слузницата на устата и грлото.

**Бременост и доење**
*Советувајте се со вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*
Не се препорачува употреба на сирупот за време на бременост и доење затоа што податоците за неговата безбедност при бременост и доење се ограничени.

**Влијание врз способноста за возење или за ракување со машини**
Не е утврдено дека овој лек има влијание врз способноста за возење и ракување со машини.

**Важни информации за некои од помошните супстанции на Хербион сирупот од јаглика**
Хербион сирупот од јаглика содржи сахароза. Доколку вашиот лекар ви кажал дека сте нетолерантни кон некои шеќери, советувајте се со него пред да го земете овој лек.



АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • SHKUP • СКОПЈЕ

Метил парахидроксибензоат (E218) може да предизвика алергиски реакции (можни се закаснети алергиски реакции).

## 3. КАКО ДА ГО ЗЕМАТЕ ХЕРБИОН СИРУПОТ ОД ЈАГЛИКА

*Строго придржувајте се кон упатствата на лекарот. Советувајте се со вашиот лекар или фармацевт доколку не сте сигурни.*

Препорачана доза за возрасни е 1 дозирна лажичка од сирупот 4 пати на ден.

**Употреба кај деца и адолесценти**

Препорачана доза за адолесценти над 12 годишна возраст е 1 дозирна лажичка од сирупот 4 пати на ден.
Кај децата од 4 до 12 годишна возраст се препорачува 1 дозирна лажичка од сирупот 3 пати на ден.
Не се препорачува употреба кај деца до 4 години.

Немојте да јадете или пиете веднаш по земањето на лекот затоа што храната и пијалоците можат да го забрзаат отстранувањето на лекот од слузницата на устата и грлото.
Се препорачува пиење на големи количини на чај и други топли пијалоци за време на земањето на сирупот.

Доколку симптомите не исчезнат по 1 недела, советувајте се со лекар или фармацевт.
Протресете го шишето пред употреба.

*Ако имате чувство дека дејството на лекот е премногу силно или премногу слабо, советувајте се со вашиот лекар или фармацевт.*

**Ако сте земале поголема доза од Хербион сирупот од јаглика отколку што треба**

*Ако сте земале поголема доза од Хербион сирупот од јаглика, веднаш советувајте се со вашиот лекар или фармацевт.*
Не земајте дози повисоки од препорачаните. Земањето на премногу високи дози може да предизвика нарушувања на органите за варење кои се манифестираат како гадење, повраќање и дијареа.

**Ако сте заборавиле да го земете Хербион сирупот од јаглика**

*Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената.*
Земете ја пропуштената доза колку што е можно побрзо освен кога веќе е време за земање на следната доза. Во тој случај, прескокнете ја пропуштената доза.

*Ако имате дополнителни прашања во врска со употребата на овој лек, советувајте се со вашиот лекар или фармацевт.*

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите лекови, така и Хербион сирупот од јаглика може да има несакани дејства, иако не кај сите болни.*
Не се очекува појава на несакани дејства при употреба во препорачаните дози.

Непознати (фреквенцијата не може да се утврди од достапните податоци)

*Нарушувања на имунолошкиот систем*
Алергиски реакции, реакција на преосетливост (во потешки случаи отекување на лицето, јазикот и слузницата на устата и грлото пропратени со чешање, односно Квинкеов едем).

*Гастроинтестинални нарушувања*
Проблеми со стомакот, гадење и повраќање.

*Доколку некои од несаканите дејства станат сериозни или доколку забележите некои несакани дејства кои не се наведени во ова упатство, ве молиме советувајте се со вашиот лекар или фармацевт.*

## 5. ЧУВАЊЕ И РОК НА УПОТРЕБА НА ХЕРБИОН СИРУПОТ ОД ЈАГЛИКА

**Начин на чување**
*Лекот чувајте го на места недостапни за деца!*

Пред отворање на шишето:
Не се потребни посебни услови на чување.

По отворање на шишето:
Да се чува на температура до 25°C. Сирупот може да се употребува 3 месеци по отворањето на шишето.

**Рок на употреба**
*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.*

Рокот на употреба се однесува на последниот ден од наведениот месец.

Лековите не треба да се фрлаат со отпадоците од домаќинството. Советувајте се со вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не ви се потребни. Овие мерки помагаат во заштитата на животната средина.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот се издава во аптека без лекарски рецепт.

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE • SHKUP • СКОПЈЕ